**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-518/6**

**Скопје, 20.10.2006 година**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2005 година, кои се прикажани на страните 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието за годините кои и претходат.на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Ќамил Џеладини , Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 26.06.2006 до 15.09.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 17.10.2006 година со писмо број 1104-518/5 доставени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и констатирано е дека не ги оспоруваат наодите на ревизијата, туку претставуваат образложенија за утврдените состојби и планирани активности за прифакање на препораките дадени од страна на ревизијата заради што наодите остануваат непроменети во Конечниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Во Бирото за развој на образованието како орган во состав на Министерството за образование и наука именуван е заменик директор со решение на Министерот за образование и наука, иако Законот за организација и работа на органите на државната управа не предвидува таква функција, ниту пак со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за образование и наука е предвидено такво работно место. Со оваа постапка е повреден и Законот за државни службеници, имајки предвид дека именуваното лице е превземено по пат на спогодба иако истото не се вбројува во категоријата на државни службеници. Вршењето на функција заменик директор без да постои законска основа за негово именување има за ефект ненаменско одлевање на средства од буџетот на Републиката за исплата на плата и надоместоци во износ од 1.082 иљади денари за периодот од 26.11.2002 година до 17.05.2005 кога е извршено превземање од друг субјект односно 223 иљади денари се исплатени во годината што е предмет на ревизија.

11.1.2. Во Бирото за развој на образованието донесен е Правилник за надоместоци за користење на авторски трудови и други интелектуални услуги во издавачката дејност на Бирото за развој на образованието во кој што надоместоците се утврдени до одреден процент од објавената просечна нето плата по работник во последниот месец. Не постоењето на јасни и транспарентни критериуми за начинот на утврдување на висината на процентот кој е варијабилен за една иста активност, како и за тоа дали утврдениот износ се однесува на повеке извршители или е надомест за еден извршител за работа на таков труд остава простор за субјективно

наградување, фаворизирање на одделни лица и го оневозможува Бирото да ги планира средствата за исплата на надоместоци за надворешни соработници во согласност со Законот за буџетите.

.

11.1.3. Ревизијата утврди континуирано пречекорување на благајничкиот максимум кој со Решение бр 02-89 од 17.01.2002 год е одреден на 300 илјади денари , така што на 31.10.2005 година салдото во благајната изнесува 643 илјади денари. Подигнувањето на дополнителни средства во готовина иако во благајната имало готовина над утврдениот благајнички максимум како и уплатата на 353 илјади денари од касата на жиро сметка на ден 29.12.2005 година овозможува користење на државни средства од лица кои располагаат со нив.

11.1.4. Заради нефункционирањето на системот на интерни контроли во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во Бирото за развој на образованието не постојат утврдени постапки за начинот на одобрување на средства за готовинско работење на Подрачните единици на Бирото, не е утврдена висината на средствата по подрачни единици ниту периодиката на нивна исплата. Одобрувањето на висината на средствата по подрачни единици врз основа на усмено барање ја врши исклучиво благајникот што остава простор за субјективна распределба на средствата, манипулации и злоупотреби.

**Препораки и мерки**

1. Министерот за образование и наука да го преиспита донесеното решение за назначување заменик директор на Бирото и да се придржува кон пропишаната законска регулатива која што во овој случај не и дава ингеренции ни на Владата на Република Македонија да именува заменик директор на органите во состав на министерствата.
2. Директорот на Бирото за развој на образованието да донесе измени и дополнувања на Правилник за надоместоци за користење на авторски трудови и други интелектуални услуги во издавачката дејност на Бирото за развој на образованието во кој што прецизно и недвосмислено ке бидат наведени критериумите за утврдување на висината на надоместоците како и да биде утврдено дали истите се однесуваат на извршител или на изготвен труд со што ке се обезбеди објективна распределба на средствата за надоместоци и нивното реално планирање.
3. Раководителот на одделението за нормативно-правни, финансиско - материјални и стручно административни работи да воспостави систем на внатрешна контрола со што ке се обезбеди почитување на интерниот акт за висината на благајничкиот максимум, користење на средствата исклучиво за службени цели, за намените кои што се определени со Буџетот на РМ и навремено враќање на средствата на сметката на Бирото.
4. Раководителот на одделението за нормативно-правни, финансиско-материјални и стручно административни работи да воспостави процедури за начинот на одобрување на средства за готовинско работење на Подрачните единици на Бирото и да обезбеди при планирањето на буџетот да се планира висината на средствата по подрачни единици согласно што би се одвивала и реализацијата.

## 11.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.2.1. Спротивно на Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година вршени се исплати на надоместокот за храна и превоз и за деновите кога работникот е на службен пат како резултат на што неосновано се направени повисоки расходи на ставката Основни плати и надоместоци.

11.2.2. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници според кој внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи , вршени се исплати по патни налози кои што ја доведуваат во прашање реалноста на извршеното патување заради следното: исплати по патни налози кои не ги содржат сите потребни податоци, исплата на повеке од една дневница по патни налози без прилог сметки за ноќевање, исплати на дневници на возачот на директорот за возење на директорот во Скопје, исплати на дневници на директорот за службен пат во Тетово ( иако живее таму), или службен пат Директорот во Скопје, исплата на патни трошоци без прилог автобуски карти кога на патните налози е наведено превозно средство автобус, не приложување на сметките за патарина кон патните налози, исплати по сметки за бензин за возила кои не се на пописната листа на службени возила и сл. Заради неуредното благајничко работење ревизјата не е убедена во реалнота на расходите во висина од 243 илјади извршени од ставката Патни и дневни расходи.

11.2.3. Во Бирото за развој на образованието вршени се исплати на сметки за мобилни телефони без да се донесе акт од страна на Директорот за утврдување на вработените кои што извршуваат работи и задачи за чие што извршување неопходно е користење на мобилен телефон како : возач, благајник, економ како и исплата на сметки за мобилен телефон за заменик директорот и по престанувањето на неговиот работен однос во Бирото. Постапувањето спротивно на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката има за ефект неоснована исплата на буџетски средства во износ од 191 илјада денари.

**Препораки и мерки**

1. Раководителот на одделението за нормативно-правни, финансиско-материјални и стручно административни работи да обезбеди примена на Законот за извршување на буџетот односно да не се вршат исплати на надоместокот за храна и превоз за деновите кога работникот е на службен пат.
2. Раководителот на одделението за нормативно-правни, финансиско-материјални и стручно административни работи да обезбеди книговодствената евиденција да се заснова исклучиво на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи. Исплатата на дневниците за службен пат да се врши во согласност со времетраењето на патувањето, автобуските карти и сметките за патарина да се приложуваат на конкретните патни налози, патните налози да бидат уредно пополнувани и да ги содржат сите потребни елементи. Исто така да се донесе интерен акт за случаите во кои што се одобрува користење на приватно возило за службени цели и да се утврди постапката на одобрувањето.
3. Директорот на Бирото за развој на образованието да донесе интерен акт во кој што ќе бидат утврдени вработените кои што извршуваат работи и задачи за чие што извршување неопходно е користење на мобилен

телефон. Во спротивно , да се напушти праксата на плакање на сметки за мобилни телефони за вработените кои што не се наведени во Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката донесена од Владата на РМ.

## 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.3.1. Во сметководствената евиденција на Бирото за развој на образованието на ставката Материјални средства во Билансот на состојба евидентирани се градежни објекти во вкупен износ од 7.570 илјади денари. За евидентираните градежни објекти во износ 6.044 илјади денари не беа доставени на увид потврди за сопственоста на градежните објекти заради што ревизијата не е убедена дека Бирото за развој на образованиети ги исполнило обврските што произлегуваат од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост, односно не иницирало постапка за воведување на истите во Катастерот.

**Препораки и мерки:**

1. Бирото за развој на образованието да преземе активности за востановување и водење на внатрешна евиденција на недвижните ствари како и да достави податоци од таа евиденција до Државниот завод за геодетски работи потребни за евидентирање на недвижностите во Евидентната книга во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост

## 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.4.1. Ревизијата утврди дека средствата во износ од 675 илјади денари не се искористени наменски, рационално и економично во согласност со Законот за извршување на буџетот за 2005 година заради извршените исплати по следните основи:

- за подготовка на стручни трудови, одржување на предавања и семинари, изработка на испитни програми, фотокопирање, лекторирање и техничко уредување, задачи кои што според Правилникот за систематизација на работните места спаѓаат во редовни работни обврски исплатени се 191 илјада денари;
- исплата на 222 илјади денари на вработени лица за подготовка на текстови во списанието „Образовни рефлексии„ иако неговото издавање е предвидено со Годишната програма за работа на Бирото за развој на образованието за 2005 година, а во согласност со Правилникот за надоместоци за користење на авторски трудови и други интелектуални услуги во издавачката дејност на Бирото за развој на образованието е предвидено дека одредбите на овој Правилник нема да се применуваат за трудови што се дел од Програмата на Бирото за развој на образованието, а кои се финансирани преку Министерството за финансии.
- за подготовка на стручно научен труд - Методологија за вреднување на учебници во основното и средното образование исплатени се надоместоци на вработени лица во износ од 262 илјади денари иако изработката на методологија за вреднување на ракописи на учебник за соодветен предмет што ја донесува министерот спаѓа во работите што ги врши Бирото утврдени со Законот за основно образование и Законот за средно образование.

11.4.2. Средствата наведени во точката 11.2.3..во износ од 191 илјада денари а кои се однесуваат на исплата на сметки за мобилни телефони истовремено се и ненаменски потрошени средства.

11.4.3. Бирото за равој на образованието во 2005 година не ги испочитувало до крај одредбите од Законот за јавни набавки или не спровело постапка за јавна набавка и тоа:

11.4.3.1. Реализирани набавки во вкупен износ од 2.049 илјади денари без спроведена постапка, што подразбира донесување на решение за потребата од набавка, утврдување на видот на постапката како и решение за избор на најповолен понудувач во следните случаи:

*во 000 денари*

| *Ред бр* | *Добавувач* | *Извршени работи* | *Износ* |
|---|---|---|---|
| 1 | АД Печатница Киро Дандаро | Печатење на наставни програми по предметот Историја од V до VIII одделение | 170 |
| 2 | АД Печатница Киро Дандаро | Печатење на летоци за матурски и завршни испити за учениците во гимназиско и средно стручно образование | 72 |
| 3 | АД Печатница Киро Дандаро | Печатење на Методологија за вреднување на учебник | 163 |
| 4 | Интерграфика Унион | Печатење на списанието Образовни рефлексии | 26 |
| 5 | Повеке добавувачи | Нафта за греење | 923 |
| 6 | Повеке добавувачи | Сервисирање на возила | 293 |
| 7 | ЈТД Светлост | Одржување на објекти | 131 |
| 8 | Повеке добавувачи | Сервисирање на опрема | 271 |
| | ***ВКУПНО*** | | ***2.049*** |

11.4.3.2. Реализирани се повеќепати ист тип на набавки од мала вредност во износ од 403 илјади денари преку добавувачот АД Печатница Киро Дандаро , спротивно на член 72 став 2 од Законот за јавни набавки според кој набавувачот може да изврши набавка само еднаш во текот на годината за одреден вид или група на стоки, услуги и работи во следните случаи::

- печатење на книгата Lakrimae mundi и списанието Образовни рефлексии во износ од 60 илјади денари
- печатење на националниот извештај во износ од 47 илјади денари
- печатење на информатор на училиштата и градинките во износ од 108 илјади денари
- Печатење на книга Основи на програмата за воспитно образовната работа во подготвителната година на основното училиште во износ од 188 илјади денари

11.4.3.3. Набавките наведени во точката 11.4.3.2 и набавките во точката 11.4.3.1 од реден бр 1 заклучно со реден број 6 не се предвидени со Планот за јавни набавки за 2005 година.

Неспроведувањето на постапки во согласност со Законот за јавни набавки со што не е обезбедена транспарентност и јавност на набавката овозможува

фаворизирање на одредени добавувачи и има за ефект набавки на стоки и услуги по повисоки цени, како и ненаменско и незаконско користење на средства.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Бирото за развој на образованието да обезбеди напуштање на праксата на исплата на надоместоци за вработените лица за вршење на работи и задачи кои што спаѓаат во редовни работни обврски во согласност со актот за систематизација односно активности кои што претставуваат основна дејност на Бирото во согласност со Законот за основно и Законот за средно образование како и Програмата за работа на Бирото.
2. Бирото за развој на образованието да не реализира набавки без спроведување на постапка да ги планира потребите за набавки и согласно видот на набавката, потребните количини и другите услови да го планира и видот на постапката. Пред да се донесе Решение за потребата од набавка која што не е содржана во планот за јавни набавки да се донесе акт за измена и дополнување на Планот. Да се направат измени и дополнувања на Правилникот за набавки од мала вредност и во истиот да се наведат видовите на планирани набавки од мала вредност Одреден вид или група на стоки, услуги или работи како набавки од мала вредност да ги спроведува еднаш во годината.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 11.4. е ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 3.318 илјади денари.

13. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Бирото за развој на образованието под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.до 11.4. кај Бирото за развој на образованието не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна субјектот во текот на ревизијата

15.1. Заради спроведување на предлогот на пописната комисијата во однос на расходување на средства во текот на ревизијата донесени се Одлуки за расходување на предложените средства и истите се спроведени во сметководствената евиденција со налог за книжење број 218 од 11.07.2006 година што има за ефект намалување на активата и пасивата на Билансот на состојба за 19 илјади денари.

**Скопје, 20.10.2006 година**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 63.745 | 59.962 |
| **Вкупно приходи** | **63.745** | **59.962** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 48.024 | 42.283 |
| Резерви и недефинирани расходи | 51 | 46 |
| Стоки и услуги | 15.620 | 17.434 |
| Субвенции и трансфери | 50 | 50 |
| **Вкупно тековни расходи** | **63.745** | **59.813** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 149 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **149** |
| **Вкупно расходи** | **63.745** | **59.962** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денар**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 5.232 | 4.312 |
| **Вкупно тековни средства** | **5.232** | **4.312** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 9.835 | 11.377 |
| **Вкупно постојани средства** | **9.835** | **11.377** |
| **Вкупна актива** | **15.067** | **15.689** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.230 | 985 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.002 | 3.327 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5.232** | **4.312** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 9.835 | 11.377 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **9.835** | **11.377** |
| **Вкупна пасива** | **15.067** | **15.689** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **11.377** |
| **Зголемување по основ на:** | **749** |
| Набавки | 749 |
| **Намалување по основ на:** | **2.291** |
| Отпис на капитални средства | 270 |
| Амортизација | 2.021 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **9.835** |